ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Група Избирачи Томе Ќичуков носител на листа на кандидати за членови на совет на Општина Гевгелија, локални избори 2021 година, Општина Гевгелија за периодот од 13.09.2021 до 10.12.2021 година.

**Предмет на ревизија:**
Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

Трансакциската сметка „за изборна кампања“ не е затворорена во рок од 45 дена од денот на објавување на конечните изборни резултати, ниту е извршено бришење на ЕДБ на субјектот регистриран пред надлежен орган.
Учесникот во изборната кампања ги нема изготвено и доставено дел од пропишаните извештаи до надлежните институции.

**Издадено мислење/заклучок*:** ●

Се воздржуваме од изразување мислење за финансискиот извештај и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**

Овластеното лице да преземе активности за затворање на трансакциската сметка со назнака “за изборна кампања” кај носител на платниот промет како и бришење на ЕДБ на субјектот регистриран пред надлежен орган.

**Клучни системски слабости:**
Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- пропишување на мерливи критериуми за обезбедување и распределба на средствата од Буџетот наменети за платено политичко рекламирање;
- утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* ● позитивно, ● со резерва, ● неповолно, ● воздржување



INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-025/2018